Технолошко-технички факултет-Велес
Примено: 08.02.2017
Орг. Един. 02 Број 101/1
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 17-302/17
13.01.2017 год.
СКОПЈЕ
Архивски знак 0204
УНИВЕРЗИТЕТ
Примено 09.02.2017
Организациона единица Број Прилог Вредност
03-145/17
АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 15. седница одржана на 23.12.2016 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиска програма „Прехранбена технологија и биотехнологија" прв циклус студии на Технолошко - технички факултет Велес при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола**

1. Се акредитира студиска програма **„Прехранбена технологија и биотехнологија" прв циклус студии на Технолошко - технички факултет Велес при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Дипломиран инженер технолог - насока прехранбена технологија и биотехнологија,** Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки, Биотехнички науки, научно - истражувачко поле: 221, 413,414.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Технолошко - технички факултет во Велес, прв циклус циклус студиска програма „Прехранбена технологија и биотехнологија", на 14.09.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 15. седница одржана на 23.12.2016 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков